Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 23.08.2024

На 22.08.2024 во 19.20 часот во Охрид, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Охрид го лишиле од З.Р.(53) од Охрид. По преземени мерки и активности и добиена наредба од Основен суд Охрид, бил извршен претрес во неговиот угостителски објект во Охрид, при што била пронајдена и одземена бела прашката материја.
Подоцна, исто така со судска наредба, бил извршен претрес и во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени кафеава прашката материја и бела прашката материја. За настанот бил запознаен јавен обвинител, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.08.2024 во 16.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Т.С.(45) од Куманово, кој баран по потерница за издржување казна затвор за сторено кривично дело „загрозување на сигурност" по член 144 од Кривичниот законик. Т.С. бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор К'шаље за издржување на казната.

Денеска (23.08.2024) во 04.00 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(36) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и таблета. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (23.08.2024) во 02.35 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го привеле М.М.(20) од Штип затоа што кај него била пронајдена и одземена прашката материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.08.2024 во 13.40 часот на ул.„Нико Нестор" во Струга, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје Струга го привеле Е.В.(20) од Струга затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.08.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„2" во населбата Илинден во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „рено" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(47) и мопед со скопски регистарски ознаки, управуван од Е.Ш.(43), двајката од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од мопедот Е.Ш.(46) од Скопје, а со телесни повреди се здобил возачот Е.Ш., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.08.2024 во 16.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„Индустриска" во Куманово се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „волво" со кумановски регистарски ознаки, управувано од П.Х.(38) од с.Сопот, кумановско и мопед со кумановски регистарски ознаки, управуван од Н.С.(21) од с.Романовце, кумановско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од мопедот, а со телесни повреди се здобиле двајката возачи, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

Денеска (23.08.2024) во 01.10 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат Штип–Плачковица, кон с.Караорман, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат леон" со штипски регистарски ознаки, управувано од А.Ј.(68) и патничко возило „ауди а 6" со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.А.(27), двајката од Штип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајката возачи, а со телесни повреди се здобила сопатничката од возилото „ауди", В.Д.(24) од Штип, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 22.08.2024 во 08.20 часот во Полициската станица Гази Баба, З.Т.(46) од Скопје пријавил дека на бул.„Александар Македонски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.08.2024 во 16.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, В.С.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал поднесе кривична пријава против С.Т.(60) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „злоупотреба на исправа со невистинита содржина". Во текот на 2022 пријавениот, адвокат од Ресен, со свој потпис и печат оверил два договори за купопродажба на недвижен имот, кои ги употребил при солемнизација пред нотар во Тетово, а притоа се потпишал и во графата продавач, за што употребил полномошно со невистинита содржина од 94 – годишно лице, кое било починато пред повеќе од два месеци пред заверката. Изготвените договори и полномошно ги искористил наведувајќи податоци од патна исправа, издадена од странска земја на име на починатиот. Исто така, договорот за купопродажба на недвижен имот од 14.07.2022, пријавениот го употребил за солемнизација на нотар и притоа навел податоци од патна исправа издадена од странска земја и употребил полномошно со невистинита содржина, а полномошник било починатото лице. Недвижниот имот, сопственост на наследникот на покојниот, пријавениот го отуѓил на трето лице и се здобил со противправна имотна корист во износ од 2.273.965 денари, исплатени на негова сметка.

На 22.08.2024 во 23.00 часот во Струмица, полициски службеници од Полициската станица Струмица ги лишиле од слобода А.В.(52) и О.Г.(47), двајцата од Струмица, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.08.2024 во 13.20 часот во СВР Скопје, од Казнено – поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека околу 12.45 часот, при вршење на претрес на лица и простории во установата, притвореникот Д.С.(45) фрлил марихуана и бела прашкаста материја во канта за отпадоци, кои биле пронајдени и одземени. Исто така, од него биле одземени шприц, ризли и други предмети. Полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги подигнале дрогата и предметите за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Т. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 24.07.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана, хашиш, канабис, дигитална вага и пари.

На 20.08.2024 во 20.40 часот во Полициската станица Пробиштип, од Итната медицинска помош Пробиштип било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Д.Н.(28) од с.Добрево, пробиштипско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во пробиштипско. Увид извршиле полициски службеници од ОВР Пробиштип и за настанот бил известен јавен обвинител.

На 22.08.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, Д.Т.(64) од Скопје пријавил дека на 21.08.2024 околу 22.00 часот на подрачјето на Центар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(44) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „избегнување на плаќање акциза". На 08.08.2024 во тетовско, полициски службеници извршиле преглед над возило, управувано од пријавениот, при што било констатирано дека во возилото превезува тутунски производи во вредност од 374.475 денари за кои не платил акциза.

На 21.08.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ф.(43) и Д.К.(34), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.08.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје, Н.К.(67) од Скопје пријавил дека околу 16.45 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од Ф.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против А.Т.(24) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 19.03.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиротехнички средства.

На 22.08.2024 во 20.14 часот во СВР Штип, О.С.(38) од Струга пријавил дека на ул. „Панче Караѓозов" во Штип бил физички нападнат од З.Д.(42) од Штип. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Г.В.(19) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 13.09.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 22.08.2024 во 13.15 часот во СВР Скопје, Е.М.(36) од с.Љуботен, скопско, пријавил дека на 20.08.2024 околу 21.30 часот на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.08.2024 во 13.45 часот во Полициската станица Аеродром, С.П.(42) од Скопје пријавила дека на 21.08.2024 од неколку профили на социјални мрежи добила пораки со закануваčка содржина, а биле објавувани и нејзини фотографии од нејзиниот Фејсбук профил. Известена е Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.А.(47) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 19.03.2024 во Тетово, пријавениот физички нападнал малолетник.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.С.(43) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавениот, претставувајќи се како менаџер на правно лице и лице со овластување за склучување на договор во име на правното лице, довел во заблуда лице од гостиварско на тој начин што склучиле предговор за купопродажба на стан во вредност од 40.000 евра, по што лицето му исплатило 25.000 евра, а кој стан претходно го продал на друго лице.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.А.(43) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" при семејно насилство. На 21.07.2024, пријавениот на социјална мрежа упатил закани на неговата поранешна сопруга и членови на нејзиното семејство.